ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
– ДЕТСКА ГРАДИНКА –
„ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА - МАРА“ – БИТОЛА

# **ГОДИШНА ПРОГРАМА**

ЗА РАБОТА НА ЈАВНАТА ОПШТИНСКА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА - ДЕТСКА ГРАДИНКА „ЕСТРЕЈА ОВАДИЈА - МАРА“ – БИТОЛА

ЗА ВОСПИТНАТА 2025 – 2026 ГОДИНА

www.detskagradinka-prolet.mk

Битола, Септември 2025 година

**С О Д Р Ж И Н А**

1. **Појдовни основи за организација на дејноста;**

2. **Услови за работа и организација (организација на работата);**

3. **Поставеност;**

4. **Програми за воспитно-образовна работа;**

**4.1 Програма за рано учење и развој;**

**4.2 Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и конзумирање на здрава храна (градини во детските градинки);**

5. **Организација на животот и работата во воспитните групи за деца на возраст од 8-24 месеци и воспитните групи за деца на возраст од 2-6 години;**

   **- Организација и работа во воспитните групи од поаѓање во училиште до 10 годишна возраст;**

6. **Здравствена дејност;**

7. **Културна дејност;**

8. **Програма за работа на стручните органи во Детската градинка;**

9. **Стручно усовршување на воспитно-образовниот и воспитно-згрижувачкиот кадар;**

10. **Проекти**

**- „Инклузија на деца Роми во предучилишните установи за деца - Детски градинки";**

11. **Социјална дејност;**

12. **Програма за работа на Директорот;**

13. **Програма за работа на стручните работници и соработници;**

14. **Финансова и тековна политика на Детската градинка;**

15. **Материјални трошоци.**

**ВОВЕД:**

Програмата за работа на Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Естреја Овадија – Мара" – Битола, (во понатамошниот текст: Детска градинка), е документ во кој се прикажува планираната целокупната работа, во сите сегменти со сите компоненти за едногодишен период ( 2025/2026 година).

Во Програмата за работа се прикажува целосното работење на детската градинка со сите соодветни содржини, принципи на работа, методи на работа и организација на животот во градинката, кои му овозможуваат на децата оптимални услови во согласност со педагошките и научните достигнување за правилен холистички развој и нивна подготовка за понатамошното воспитание и образование. Со реализирање на Програмата во целост на децата ќе им биде овозможено спонтано да сознаваат, да научат одредени постапки, да формираат ставови и односи кон животот, односно да формираат одредени позитивни карактеристики – црти на личноста.

Поаѓајќи од фактот за значењето на правилниот развој во првите пет години од животот на детето Програмата пред се е свртена и во целост прилагодена кон детето, усогласена со неговите **желби**, **можности**, **интереси** и **потреби,** истата е со флексибилна организација на работата и поголема отвореност кон родителите и општествената средина.

Во Програмата за работа и оваа година поаѓаме од фактот дека **раното детство** е најважниот период на детскиот развој, дека е најспецифичен и дека содржи посебни карактеристики како: биолошкиот дефицит, пластичноста, емоционалноста и ранливоста, сетилноста и егоцентричноста, за кои треба и се води сметка дека предучилишното воспитание има особено влијание врз развојот.

Годишната програма е изработена врз основа на Законските одредби и согласно со Тезите доставени од Министерството за социјална политика, демографија и млади При нејзиното конципирање користени се следните документи:

- Закон за заштита на децата („Сл.весник на РМ" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл.весник на РСМ" 104/19, 146/19, 275/19, 88/20, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22, 265/24, 17/25 и 132/25);
- Статутот на ЈОУДГ „Естреја Овадија Мара" - Битола;
- Програмата за рано учење и развој во Јавните детски градинки („Сл.весник на РМ" бр. 46/2014 ).
- Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна („Сл.весник на РМ" бр. 98/2014).

Насоки од Министерството за социјална политика, демографија и млади за реализирање на следните проекти:

- „Инклузија на деца Роми во јавните детски градинки".

Насоки и упатства од Министерство за социјална политика, демографија и млади за вклучување во реализацијата на програмата за рано учење и развој на:

- Планирање спортски (физички, моторички) активности согласно стручно научната оправданост, принципите и целите на програмата за рано учење и развој на децата од предучилишна возраст „Забавен спорт".

- Планирање на активности од програмата за рано учење и развој за стекнување на здрави животни навики и безбедно однесување кај децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца.

- За реализација на програмата за рано учење и развој и достигнување на стандардите за рано учење и развој преку вклучување на традиционални игри во установите.

Детската градинка целите програмирани во Годишната програма ќе ги остварува особено со целосно реализирање на Програмата за рано учење и развој, како и со користење на одредени методи и искуства од веќе реализираните програми и Проекти.

Во Програмата, со ставањето акцент на детето, се предвидува на децата да им се овозможи да се осамостојат во своето работење, со што успешно ќе се определуваат способностите, ќе се откриваат **талентот и креативноста**. Со ова, всушност се реализираат повеќето компоненти од содржините на наведените Програми и Проекти.

Во Детската градинка, соодветно на возраста на децата (од 8 месеци до 5 години и 8 месеци ќе ги реализираме следните програми:

- Програма за целодневен престој;

- Согласно со обврските за реализација на дејноста, согласно со Законот за заштита на децата, насоките доставени од Министерството за социјална политика, демографија и млади, а поаѓајќи од Програмата што се реализира, Годишната програма за работа, според својата концепција ја има следната содржина:

## 1.ПОЈДОВНИ ОСНОВИ – ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЈНОСТА

Годишната програма за работа на Детската градинка за воспитната 2025/2026 година е изработена согласно Програмата за рано учење и развој, Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна.

Во реализирањето на Програмата се нуди поширок избор на активности и користење на повеќе различни методи во работењето почитувајќи ги стандардите за ран детски развој. За успешна реализација на сите програмски активности ќе се применува флексибилност во просторната и часовната организација на дејноста во целост.

Почитувањето на другиот е основа на демократските односи во воспитно-згрижувачкиот процес, кое особено подразбира почитување на личноста на детето, а тоа пак самопочитување на реализаторите на воспитно- згрижувачката работа, како и почитување на **развојниот факт**, од страна на воспитувачите, детските негователки, стручните работници и соработници во детските градинки, како и од страна на семејството, а сето тоа значи почитување на горенаведениот факт дека детето станува **личност.**

Наше залагање е да се има квалитетна Програма за работа. Под квалитетна Програма се подразбира планирање кое е во согласност со стандардите за ран детски развој, а со почитување на развојните карактеристики, потребите и интересите на децата, примена на современ дидактичко – методски пристап, воспоставување правилен однос воспитувач – дете, дете – воспитувач, дете – дете и соработка со семејството и со локалната заедница, создавање стимулативна средина за учење и обезбедување на здравје и сигурност на секое дете кое престојува во градинката.

За квалитетна Програма акцент е ставен на практикување на **играта** во реализацијата на сите активности со децата, заради тоа што помеѓу играта и развојот постои меѓусебна условеност, додека развојот отвара нови можности на играта, таа од своја страна го помага неговиот природен тек.

Со оваа Програма ќе се реализира и обезбеди отвореност на воспитно-згрижувачкиот процес кон сите институции во кои детето живее, се развива и комуницира. И во реализацијата на згрижувачката компонента ќе се почитува семејството како прв воспитен фактор, заради што Детската градинка примарно е отворена кон него и семејството е вклучено во сите активности што се реализираат во неа.

Во Програмата се вградуваат начини за правилно определување на процесот на учење со поттикнување на симболичките и мисловните стратегии на размислување и изразување кои се значајни во секоја развојна фаза поодделно.

Со реализацијата на програмските задачи, особено се става акцент на следење на индивидуалниот развој на детето, со стекнување на реална слика за него и неговиот развоен пат и врз основа на тоа се усогласуваат активностите што со него се реализираат. Во оваа насока за сите деца **од 2 до 6 годишна возраст** во досиејата за децата ќе се водат инструменти за следење на развојот и постигнувањата на соодветните стандарди.

Во реализацијата на оваа Програма ќе настојуваме да обезбедиме еднакви услови за оптимален развој на **секое дете**. Во оваа насока го нагласуваме настојувањето за вклучување на децата со полесни попречености во редовните групи.

Во процесот на реализација на севкупното работење ќе ги почитуваме половите разлики, социјалното и културното потекло, различноста, мултикултурализмот при изборот на сите активности, при изборот на средствата и материјалите. Ова особено до израз ќе доаѓа во реализацијата на Проектот: „Инклузија на деца Роми во јавните предучилишни установи - Детски градинки“. Со ваквиот начин на работа на децата им овозможуваме негување на сопствениот идентитет и стекнување искуства и знаење за различноста на луѓето и културите и мултикултурализам.

Имајќи го во предвид основниот факт дека детето **учи низ животот и за животот**, во реализацијата на Програмата низ сите активности се настојува детето да се среќава со различни организирани и животни ситуации со што и ќе добива непосредни различни животни искуства.

Применувајќи ги наведените начини на работа воспитно згрижувачкиот кадар во реализацијата на своите програмски активности ќе применува нагледност со што особено ќе дојде до израз нивната креативност. Со ова тие го истакнуваат интересот, доживувањата и мотивацијата кај децата.

## 2.УСЛОВИ ЗА РАБОТА И ОРГАНИЗАЦИЈА (ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА)

Во овој дел од Програмата ги презентираме организацијата, внатрешното уредување, бројот на работници и условите за работа на Детската градинка, односно претставува своевидна лична карта на истата.

Детската градинка има своја веб страна [www.detskagradinka-prolet.mk](http://www.detskagradinka-prolet.mk) и своја e-mail адреса: estrejamarabt@yahoo.com

Детската градинка својата дејност ја реализира во пет наменски градени објекти во градот, со адекватни големини и функционалност на просторот, како и со сопствени системи за парно затоплување, како и во адаптирани просторни услови во четири рурални средини ( с. Бистрица во поранешна општинска зграда, с. Кукуречани во поранешна општинска зграда, с. Долно Оризари во подрачното ОУ „Даме Груев“ и с. Кравари ).

**ДГ „ПРОЛЕТ“** тврда градба со вкупна корисна површина 2200 м2, дворна површина 4000 м2, година на изградба 1971/72, пуштена во употреба 1973 година. Објектот се наоѓа во непосредна близина на ОУ „Даме Груев“. Истовремено истиот е матичен објект во кој се наоѓаат централна кујна, перална, магацин, општа и стоматолошка амбуланта за деца, библиотека и административни простории.




**ДГ „СНЕГУЛКА“** тврда градба со вкупна корисна површина од 510 м2, дворна површина 960 м2, изградена и пуштена во употреба 1965 година. Во непосредна близина на наведениот објект се наоѓаат ОУ „Тодор Ангелевски“ и ОУ „Ѓорги Сугарев“.




**ДГ „ВАНГЕЛ МАЈОРОТ“** тврда градба со корисна површина од 1200 м2, дворна површина 3000 м2, година на изградба 1977/78, пуштена во употреба 1981 година.




**ДГ „РОСИЦА“** тврда градба со вкупна корисна површина од 1400 м2, дворна површина од 2300 м2, изградена 1979/80 година, а со работа отпочнато е 1987 година. Долниот кат од овој објект во целост го користи ОУ „Коле Канински“, со пет одделенија од основното образование - деветолетка.




**ДГ „КОЛИБРИ“** тврда градба, година на изградба 1979/80, пуштена во употреба 1987 година, со корисна површина 980 м2, дворна површина 2000 м2 .

Во горниот кат од овој објект во целост го користи ОУ „Тодор Ангелевски“ со пет одделенија од основното образование.




**ДГ „РОСИЦА 1“** во с. Бистрица која работи во други просторни услови, поранешна општинска зграда, тврда градба, отстапена на користење од страна на Општина Битола со Договор за користење на објект, сопственост на Општината Битола, пуштена во употреба на 22.10.2007 година.




**ДГ „КОЛИБРИ 1“** с. Кукуречани која работи во други просторни услови, поранешна општинска зграда, тврда градба, која е пуштена во употреба од 18.10.2007 година.




**ДГ „ПИНОКИО“** во с. Долно Оризари свечено се пушти во употреба на 05.07.2014 година, која работи во други просторни услови во простор на подрачното ОУ „Даме Груев“ тврда градба, со посебен влез во објектот со големини од 6м$^2$, со доволно голем предпростор за соблекување на децата од 6м$^2$ ходник од 8м$^2$ една голема занимална од 60м$^2$ една дистибутивна - чајна кујна со големина од 14м$^2$ и санитарни простори од 9,6м$^2$, односно со капацитет за 20 деца.




**ДГ „ПРОЛЕТ 1“** с. Кравари – со Одлука на Совет на Општина Битола со бр. 08-982/3 од 29.11.2017 година на трајно користење пренесен ни е објектот кој е целосно адаптиран и опремен од страна на МТСП за отворање на две воспитни групи со вкупен капацитет од 40 деца кој свечено се пушти во употреба на 15.12.2018 година.




Условите за работа во сите Детски градинки се солидни. Имено, пет објекти се наменски градени, сите се со адекватни големини и функционалност на просторот, како и со сопствени системи за парно затоплување (објектите кои се наоѓаат во градот ).

Петте воспитни групи кои работат во други просторни услови (адаптирани) исто така работат во солидни услови создадени со целосна адаптација и реновирање по нормативи за работа со деца од предучилишна возраст – детски градинки.

Во сите објекти планирано е континуирано обновување на инвентарот и делови од него. Во овој однос во континуитет го збогатуваме фондот на дидактички средства и други помагала (аудио-визуелни).

Од аспект на градежно-занаетчиски интервенции, а во функција на подобрување на условите за работа на Детските градинки, планираме обновување на фасадите во детските градинки, санација на тоалетите во ДГ „Пролет“ и ДГ „Снегулка“, поправка на гаражите во ДГ „Пролет“ и дренажа на објектот во ДГ „Снегулка“.

Преглед на просторните услови во детските градинки ( објекти во градот)

| Ред. број | Детска градинка | Градба | | Површина | | Бр.на занимални | трпезарија | сала | гардероба | Санитарни чворови | кујн | магацин | перална | засолниште | затоплување | библиотека | Амбуланта 220 м2 | | Година на изградба | Год.на предавање во |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | тврда | наменска | Нето | дворна | | | | | | | | | | | | Детска | забана | | |
| 1 | Пролет | да | да | 220 | 4000 | 12 | 1 | 1 | Да | 6 | 1 | 2 | 1 | / | сопствено | 1 | 1 | 1 | 1971/72 | 1973 |
| 2 | Снегулка | да | да | 510 | 960 | 5 | / | / | / | 4 | чајна | / | / | / | сопствено | / | / | / | 1964/65 | 1965 |
| 3 | Вангел Мајорот | да | да | 1200 | 3000 | 9 | / | 1 | Да | 10 | 1 | 1 | 1 | 1 | сопствено | / | / | / | 1977/78 | 1981 |
| 4 | Росица | да | да | 1400 | 2300 | 8 | / | 1 | Да | 10 | чајна | 1 | / | 1 | сопствено | / | / | / | 1979/80 | 1987 |
| 5 | Колибри | да | да | 980 | 2000 | 6 | / | / | Да | 10 | чајна | 1 | / | 1 | сопствено | / | 1 | / | 1979/80 | 1987 |
| 6 | Вкупно | | | 6290 | 12260 | 40 | 1 | 2 | | 38 | 5 | 5 | 2 | 3 | 5 | 1 | 2 | 1 | | |

Горенаведениот преглед дава јасна слика со квантифицирани податоци за постојните објекти кои работат во детските градинки во градот.

Во презентираната организација на Детската градинка внатрешното уредување на сите детски градинки и условите во истите, дејноста успешно ја реализираме со 110 вработени на неопределено време и 3 вработени со договор на дело. Вработените според степенот на нивната стручна подготовка, ги прикажуваме во долу прикажаниот график




## 3. ПОСТАВЕНОСТ

### 3.1. Организациона поставеност

Јавната општинска установа за деца – Детска градинка „Естреја Овадија – Мара“ – Битола, е установа во која се извршува дејност – згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст (со комбинирана дејност воспитни групи со деца на возраст од 8-24 месеци и воспитни групи со деца на возраст од 2-6 години), со целодневен престој на сите деца во објектите, како и престој на деца (од училишна возраст – од 5 г. и 8 м. до 10 годишна возраст).

По степенот на својата развиеност, согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на Детската градинка е Детска градинка со **голем капацитет.**

Дејноста на Детската градинка се реализира во пет детски градинки во градот, лоцирани во подолунаведените Месни заедници, како и во четири рурални средини во други просторни услови ( во с. Бистрица и с. Кукуречани во општинските згради, с. Долно Оризари во подрачното ОУ „Даме Груев“ и с. Кравари).

Табела 3.1. Локации на детски градинки

| | ДЕТСКА ГРАДИНКА | НАМЕНА | МЗ | УЛИЦА И БРОЈ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | „ПРОЛЕТ“ | комбинирана | „Даме Груев“ | ул. „Наум Наумовски Борче“ бр.40 |
| 2 | „ВАНГЕЛ МАЈОРОТ“ | комбинирана | „Елпида Караманди“ | ул. „Карпош“ бр.13 |
| 3 | „СНЕГУЛКА“ | комбинирана | „Естреја Мара“ | ул. „Чеде Филиповски Даме“ бр.48 |
| 4 | „РОСИЦА“ | комбинирана | „Стив Наумов“ | ул. „Илчо Стојановски“ бр.13 |
| 5 | „КОЛИБРИ“ | комбинирана | „Гоце Делчев“ | ул. „Цане Бујуковски“ бр. 34 |
| 6 | „РОСИЦА-1“ | комбинирана | с. Бистрица | ул. „А“ бр. 2 с. Бистрица |
| 7 | „КОЛИБРИ-1“ | комбинирана | с. Кукуречани | ул. „Б“ бр. 1 с. Кукуречани |
| 8 | „ПИНОКИО“ | комбинирана | с. Долно Оризари | ул. „Стив Наумов“ бр.56 А с. Долно Оризари |
| 9 | „ПРОЛЕТ 1“ | комбинирана | с. Кравари | ул. „Спасе Ристевски“ бр. 2А с. Кравари |

## 3.2. Проектиран капацитет

Проектираниот капацитет на објектите во градот е за вкупно 630 деца, а во петте воспитни групи кои работат во други просторни услови за по 20 деца за секоја група поодделно, односно капацитетот е за 860 деца.

Напоменуваме дека во два објекти ( ДГ „Колибри“ и ДГ „Росица“ ) кои се наоѓаат во нас. „Стрелиште“ и нас. „Буковски ливади“, по еден кат користат ОУ „Тодор Ангелевски“ и ОУ „Коле Канински“. Имено, во нас. „Стрелиште“, односно ДГ „Колибри“, горниот кат го користи ОУ „Тодор Ангелевски“ каде настава изведуваат 40 ученици во две смени од првите пет одделенија од основното образование, а во нас. „Буковски ливади“ односно ДГ „Росица“ долниот кат го користи ОУ „Коле Канински“ каде настава изведуваат 102 ученици во две смени од првите пет одделенија од основното образование.

Ова го истакнуваме заради објаснување на корекцијата на капацитетот (реално проектиран за градинките е за 760 деца, но заради користењето на погоренаведените училишта на просторот), како и за добивање на вистинска слика за целосната искористеност на капацитетите на сите пет објекти односно детски градинки.

Табела 3.2 Проектиран капацитет

| Детска градинка | Од 8-24 месеци | | Од 2-6 години | | Од поаѓање на училиште до 10 години | | Други форми | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | г | д | г | д | г | д | г | д | г | Д |
| „Пролет“ | 2 | 23 | 8 | 202 | 2 | 25 | - | - | 12 | 250 |
| „Снегулка“ | 1 | 12 | 4 | 93 | / | / | - | - | 5 | 105 |
| „В. Мајорот“ | 2 | 20 | 6 | 120 | 2 | 40 | - | - | 10 | 180 |
| „Росица“ | 1 | 10 | 2 | 35 | - | - | - | - | 3 | 45 |
| „Колибри“ | 1 | 10 | 2 | 40 | - | - | - | - | 3 | 50 |
| **Вкупно:** | **7** | **75** | **22** | **490** | **4** | **65** | | | **33** | **630** |

НАПОМЕНА: Во табела 3.2. не е прикажан проектираниот капацитет во адаптираните простории во руралните средини, од причина што при адаптацијата на истите се работеше на обезбедување (адаптирање) на простор за по 20 деца, односно вкупниот капацитет од 630 деца се зголемува на 730 деца.

Табела 3.3. Број на згрижени деца заклучно 2025 година

| Детска градинка | Од 8-24 месеци | | Од 2-6 години | | Од поаѓање на училиште до 10 години | | Други форми | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | г | д | г | д | г | д | г | д | г | д |
| „Пролет“ | 2 | 40 | 9 | 226 | 1 | 16 | / | / | 12 | 282 |
| „Снегулка“ | 1 | 17 | 4 | 106 | / | / | / | / | 5 | 123 |
| „В. Мајорот“ | 1 | 24 | 7 | 154 | 1 | 15 | / | / | 9 | 193 |
| „Росица“ | / | / | 3 | 52 | / | / | / | / | 3 | 52 |
| „Колибри“ | 1 | 15 | 3 | 75 | / | / | / | / | 4 | 90 |
| „Росица-1“ с. Бистрица | / | / | 1к | 12 | / | / | / | / | 1 | 12 |
| „Колибри-1“ с. Кукуречани | / | / | 1к | 16 | / | / | / | / | 1 | 16 |
| „Пролет 1“ с.Кравари | / | / | 2к | 25 | / | / | / | / | 2 | 25 |
| „Пинокио“ с.Д.Оризари | / | / | 1 к | 18 | / | / | / | / | 1 | 18 |
| **Вкупно:** | **5** | **96** | **31** | **684** | **2** | **31** | **/** | **/** | **38** | **811** |

## 4. ПРОГРАМА ЗА ВОСПИТНА РАБОТА - ПРОГРАМА ЗА РАНО УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ

Воспитната работа се остварува со реализација на изготвените Долгорочни Годишни Планирања:

- за работа во воспитните групи со деца на возраст од 8 до 24 месеци;
- за работа во воспитните групи со деца на возраст од 2 до 3 година;
- за работа во воспитните групи со деца од возраст од 3 до 4 години;
- за работа во воспитните групи со деца на возраст од 4 до 5 години;
- за работа во воспитните групи со деца на возраст од 5 до 6 години;
- за работа во воспитните групи (хетерогени) со деца на возраст од 2 до 6 години;

Глобални планови се изготвуваат за сите возрасти и по сите подрачја.

Имајќи го во предвид фактот дека децата се развиваат холистички не постојат приоритетни домени во детскиот развој. Почитувајќи го овој пристап во воспитно образовниот процес и избегнувајќи ја тенденцијата да се фаворизираат одредени аспекти во развојот на детската личност во Програмите за работа за рано учење и ран детски развој, детскиот развој се следи подеднакво низ следните аспекти:

- физичко здравје и моторен развој;
- социоемоционален развој;
- развој на пристап кон учење;
- развој на јазикот, описменување и комуникација;
- когнитивен развој и стекнување на општи знаења.

Во оваа воспитна година покрај долгорочното - годишно планирање кое го изработува секој воспитувач, се изработуваат и среднорочни – тематски планирања во кои покрај името, целите и времето на реализација на темите истите се разгрануваат со активности почитувајќи ги погоренаведените аспекти.

За сите горенаведени активности се води соодветна педагошка евиденција и документација од страна на секој воспитувач, односно покрај наведените планови се води Дневник за работа на воспитната група и Досие за детето согласно Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка („Сл.весник на РМ“ бр. 87/2013), во хартиена и електронска форма.

Во детската градинка се води Главна книга на децата и Дневник за работа на детската градинка во хартиена и електронска форма.

Инаку, изготвувањето на плановите ќе се врши тимски во работните тимови планирани според возрасните воспитни групи.

По извршените консултации и договори изготвено е долгорочно - годишно планирање (глобални цели) каде темите се со време на реализација, со организациони форми на работа, методи на проучување и учење, место на реализација и форма на соработка со родителите - старателите.

За оваа година планирани се следните теми:

**„Во градинка рака под рака, секој со секого се сака“ - Септември**

**„Сè има боја на злато, птиците се селат во јато“ - Октомври**

**„Мечето спие, ежот се крие, кој каде живее нека ни открие“ - Ноември**

**„Снегулки танцуваат, календарот се листа, Новата година ита ко на писта“ - Декември**
**„Приказни и песни многу има, се празнува цела зима“ - Јануари**
**„Јади, играј, вежбај право и ќе бидеш дете здраво“ - Февруари**
**„Сонце сјае, пчелка зуи – природата се буди“ - Март**
**„Секоја професија е лесна, кога ја работиме со песна“ - Април**
**„Авионот по небото кружи, возот со шините се дружи“ - Мај**
**„Откриваме, истражуваме, под сонцето се забавуваме“ - Јуни**
**„Плажа и топка, игри без крај – летото е детски рај“ - Јули и Август**

Во зависност од возрасните групи, креативноста на воспитувачите и интересот на децата, реализацијата на темите ќе трае различно и наведените теми можат да претрпат промени од планираното.

Уште напоменуваме дека согласно возраста на децата во воспитните групи (кај помалите возрасти) се пократки и во помал број.

## 4.1 ПРОГРАМА ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ДЕЦАТА ОД ПРЕДУЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО УСТАНОВИТЕ ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ И ВОСПИТУВАЊЕ НА ДЕЦА, СО ПРОЦЕСОТ НА ОДГЛЕДУВАЊЕ И КОНЗУМИРАЊЕ НА ЗДРАВА ХРАНА

Здравата храна е значајна за правилниот раст и развој на детето. Односот на храната е однос кон животот и затоа децата треба да бидат активно вклучени во одгледување на некои видови на зеленчук и овошје со цел да го набљудуваат процесот на создавањето, подготвувањето и правилното конзумирање на истите.

### Цел на програмата

- Запознавање на децата со процесот на одгледување (раст и развој) на растенијата;
- Запознавање на децата со некои карактеристики на растенијата кои ги засадуваат;
- Запознавање со разликите и сличностите помеѓу зеленчукот и овошјето преку воочување и вкусување;
- Запознавање на децата со начинот на правилно конзумирање на здрава храна;
- Запознавање на децата со останатото овошје и зеленчук, кое не може да го засадат, запознавање со неговите карактеристики, специфичности и особено со неговото значење за добро здравје и правилен развој на секое дете.

**ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМА**

| Месеци | Планирани активности |
|---|---|
| **СЕПТЕМВРИ** | берба, наводнување |
| **ОКТОМВРИ** | берба на зеленчукот ( боранија, блитва, праз ) консумирање на истите |
| **НОЕМВРИ** | чистење на земјиштето од засадените култури |
| **ДЕКЕМВРИ** | прокопување, копање, ѓубрење |
| **ЈАНУАРИ** | правење на леи за кокар, салатки, грашак ( доколку дозволуваат временските услови ) |
| **ФЕВРУАРИ** | плевење доколку има тревки |
| **МАРТ** | правење леи за расад ( ротквици, пиперки, домати и други сезонски зеленчуци ) |
| **АПРИЛ** | плевење на леите |
| **МАЈ** | расадување на расадот – пиперки, домати, црн патлиџан ( сеење- садење култури од семе ) |
| **ЈУНИ** | прашење – поткопување и плевење |
| **ЈУЛИ** | наводнување, чистење од треви |
| **АВГУСТ** | грлење, наводнување |

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ СО ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 8 ДО 24 МЕСЕЦИ И ВОСПИТНИТЕ ГРУПИ СО ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 2-6 ГОДИНИ

Содржината на дејноста е составена од следните компоненти:

- згрижувачка;
- воспитна;
- здравствена;
- културно-информативна;
- спортско-рекреативна;
- советодавна и
- социјална.

### 5.1. Згрижувачка и воспитна дејност

Концепциски, најголем дел од содржината на дејноста се однесува на програмските активности од згрижувачката и воспитната дејност со децата од целодневен престој.

### 5.2. Организација на животот и работата во воспитните групи со деца на возраст од 8-24 месеци

Во овој дел на Програмата опфатено е:

а) реализација на општите услови (прием на децата и формирање на групи, уредување на просторот);

б) задачи и содржини на негата (лична нега, одмор-спиење-исхрана, формирање навика за исхрана и воспоставување контрола врз органите на излачување);

в) задачи и содржини на воспитанието (се реализираат преку сензо-моторниот развој, развој на говорот, ритмичко-музички активности, развој на социо-емоционалните односи);

г) грижа за здравјето и физичкиот развој на децата.

### 5.3. Организација на животот и работата во групите на децата од 2-6 годишна возраст

а) Реализација на општите услови (прием на децата, формирање на воспитните групи и уредување на просторот);

б) Згрижувачка дејност (која се состои во продолжување со негата на децата, личната хигиена и работните навики, исхрана, воспоставување на хигиенски и работни навики, попладневен одмор, грижа за здравјето и физичкиот развој на децата – редовни систематски прегледи, утринска гимнастика, раздвижување, прошетки и екскурзии);

в) Воспитна работа со реализација на краткорочното дневно планирање односно дневниот оперативен план.

Работното воспитание на децата, ќе се реализира преку работни активности, самопослужување, работа во природни катчиња, негување на цвеќето, помагање на своите помали другарчиња, а еколошко воспитание ќе се реализира имплементирање на Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и конзумирање на здрава храна (градини во детските градинки) како и останатите проекти за еколошка едукација.

### 5.4. Организација во воспитните групи од поаѓање на училиште до 10 годишна возраст

Посебна Програма за работа се изработува и за продолжениот престој (во која се прикажува реализацијата на активностите со опфатените деца на возраст до 10 години, односно ученици од прво до петто одделение деветолетка по следните прашања:

- услови за работа;
- задачи, а особено соработка со наставниците од продолжениот престој од соодветното училиште како и соработката со родителите;
- развој на личноста на детето ( исполнување на зададените задачи, развивање на организационите способности, спретност во извршување на задачите, самоиницијативност, развивање на упорност и креативност;

- друштвеност на детето ( побрза социјализација, упатување на децата едни кон други, упатување на помош на помладите од постарите деца, воспитување кон заедништво – заеднички оброци, посети, работа, игра).

Животот и работата на децата опфатени во продолжениот престој е во рамките на утврденото време на детската градинка ( со прием од 05:30 часот и испраќање до 18:00 часот ), во кое се распределени сите активности – појадок, испраќање на учениците до објектите на училиштата, подготовка на домашни задачи, самостојно и групно учење, земање на учениците од училиштата, ручек, работа со учениците од претпладневна смена, испраќање на децата за дома.

## 6. ЗДРАВСТВЕНА ДЕЈНОСТ

Во Детската градинка особен акцент се става на здравствената заштита на секое згрижено дете, а се со цел за изградување на здрава и правилно психо-физички развиена личност, како и залагање за отстранување на евентуално појавени штетни влијанија врз здравјето на згрижените деца во Детската градинка.

За реализација на наведеното се грижат згрижувачкиот, воспитниот, готварскиот кадар, работниците што ја одржуваат хигиената, како и комисијата за прием на деца.

Инаку, Детската градинка располага со простории за општа амбуланта и простории за стоматолошка амбуланта (со вкупна површина од 220 $m^2$) кои се наоѓаат во ДГ „Пролет“.

Здравствената дејност во себе ги опфаќа редовното следење на здравствената состојба и по потреба упатување до матичен лекар.

Соработка со Центар за јавно здравје, Агенција за храна и ветеринарство, Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

Во случај на појава на повреди и појава на акутна болест веднаш се повикува родител – старател или детето се носи во најблиската медицинска институција.

Согласно Програмата за систематски прегледи за учениците и студентите во РСМ за 2025 година ( Сл. Весник на РСМ бр. 27/2025), во периодот на месец септември од страна на ЈЗУ Центар за рехабилитација на патологија на вербалната комуникација Битола, ќе се спроведат превентивни прегледи за рана дијагностика за пречки во развојот на слухот, говорот и гласот кај децата од 4 до 6 годишна возраст, згрижени во нашата установа.

Согласно Националната стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата до 14 години, во соработка со стоматолозите од градот вклучени во реализацијата на погоренаведената стратегија планираме повеќе работилници и трибини, распределени по теми и време на реализација како следи:

- Забите и нивната функција, улогата на усната шуплина;
- Улогата на исхраната во превенција на заболување на забите;
- Значењето на оралната хигиена во здравјето на забите кај предучилишните деца;
- Улогата на детскиот стоматолог во заштитата на забите;
- Повторување на претходните теми, изложба на детски цртежи со зададена тема, литературни творби.

Во рамките на здравствената дејност е и креирањето на листата на јадења и секојдневниот начин на исхрана кој има директно влијае на позитивниот раст и развој на децата.

За изготвувањето на листата се грижат директорот, готвачите, домаќинот и по еден воспитувач и една детска негователка.

Посебен акцент е ставен во имплементирањето на HACCP системот и обука на дел од персоналот кој е вклучен во подготовка на храната на децата.

Здравствената дејност се реализира со пратење на редовното извршување на санитарните прегледи на вработените, како и со задолжителни систематски здравствени прегледи на сите вработени.

Во здравствената дејност се реализира и редовната дезинфекција, дезинсекција и дератизација на сите објекти.

## 7. КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Содржините на културно-информативната и јавна дејност ќе се остваруваат преку следните форми:

- приредби и прослави (на ниво на детски градинки, на ниво на Детска градинка на локално ниво);

- изложби на ликовни творби и детски изработки;

- програмски планирана прослава на Детската недела (од 06.10.2025 г. до 12.10.2025 година);

Планираните приредби и прослави во Детската градинка, изработени се од страна на директорот, со сите воспитувачи и стручниот соработник по музичко воспитување, а истите ги прикажуваме во подолу наведената Табела:

**Одбележување на важни датуми во воспитната 2025/2026 година во ЈОУДГ „Естреја Овадија – Мара“ Битола**

| | |
|---|---|
| **Екологија** | |
| **Државни празници** | |
| **Други празници** | |

**<u>Важни датуми од екологија на ниво на детската градинка</u>**

- **<u>Ден на акција на еко - училиштата/градинките се реализира двапати во текот на една воспитна година</u>**
- **<u>Засадување дрвца во дворот на градинките за Денот на екологијата</u>**
-

**<u>Септември</u>**

- **05 – Ден на независноста (8 Септември)**
- **19 – Светски ден на миротот (21 Септември)**
- **22 – Меѓународен ден без автомобили**
- **22 – Добро ни дојде есен**

**Октомври**

- 03 – Ден на учителот (5 Октомври)
- 06 до 10 – Недела на детото (Воспитувачите изработуваат програма со активности за одбележување, според бројот на децата, условите во објектот и можностите)
- 10 – Ден на народното востание (11 Октомври)
- 15 – Меѓународен ден на пешаците
- 15 – Ден на чистите раце
- 16 – Меѓународен ден на борба против гладот
- 31 – Светски ден на штедењето

**Ноември**

- 04 – Ослободување на Битола
- 20 – Светски ден на детето

**Декември**

- 03 – Меѓународен ден на лица со попреченост
- 05 – Климент Охридски (8 Декември)
- 21 – Поздрав на баба Зима
- 25 – Патрон празник на Естреја Овадија Мара

**Јануари**

- 05 – Коледе
- 05 – Бадник (6 Јануари)
- 05 – Божиk (7 Јануари)
- 14 – Василица
- 16 – Меѓународен ден на Снешкото (18 Јануари)
- 16 – Водици (19 Јануари)

**Февруари**

- 20 – Меѓународен ден на мајчиниот јазик (21 Февруари)
- 28 – Светски ден на ретки болести

**Март**

- 05 – Светски ден за заштеда на енергија
- 06 – Меѓународен ден на жената (8 ми Март)
- 06- Европски ден на логопедијата
- 11 – Ден на депортацијата на Евреите
- 19 – Рамазан Бајрам (20 Март)
- 19 – Светски ден на среќата (20 Март)
- 19 – Ден на доаѓање на пролетта (20 Март)
- 19 – Светски ден на заштеда на води (22 Март)
- 27 – Светски ден на театарот

**Април**

- 01 – Светски ден на шегата
- 02 – Меѓународен ден за поддршка на лицата со аутизам
- 02 – Светски ден на литературата за деца (Ханс Кристијан Андерсен)
- 07 – Светски ден на здравјето
- 08 – Светски ден на Ромите

- **09 – Велики Четврток**
- **10 - Велигден (12 Април)**
- **22 – Светски ден на градинките**
- **22 – Светски ден на планетата Земја**
- **23 – Светски ден на книгата**
- **30 – Ден на трудот (1 Мај)**

**Мај**

- **06 – Ѓурѓовден**
- **07- Ден на македонската полиција**
- **08 – Светски ден на црвениот крст**
- **15 – Меѓународен ден на семејството**
- **20 - Ден на македонските пожарникари**
- **22 – Кирил и Методиј – Ден на сесловенските просветители (24 Мај)**

**Јуни**

- **01 – Меѓународен ден на детето**
- **05 – Светски ден на заштита на животната средина**
- **19 – Меѓународен ден на музиката (21 Јуни)**

**Јули**

- **07– Иванден**
- **31 – Илинден (2 Август)**

**06 – 10.10.2025 – Недела на детето**
**„Среќни деца – среќен свет!“**

***06.10.2025 (понеделник)***
(разговор за обврските и детските права, заштита на децата)

***07.10.2025 (вторник)***
**За сите деца**
(куклена претстава,филмска проекција)

***08.10.2025 (среда)***
***Семејството е едно, за секое дете вредно (активности со семјството)***

***09.10.2025 (четврток)***
**Спортуваме се натпреваруваме**
(игри на отворено или во холот на градинката)

***10.10.2025 (петок)***
**Музички хепенинг - караоке**
(активност - музика и песна на цел глас)

### 7.1. Изложби на ликовни творби и детски изработки

Во Детската градинка се организираат изложби во ликовните центри на секоја занимална како изложби на заедничкото ликовно катче на градинката.

Со изработките од децата (цртежи, маски и др.) ќе учествуваме во разни ликовни манифестации и конкурси на кои ќе бидеме поканети, на изложбите на ниво на Републиката на детската ликовна колонија, изложбите на детското ликовно студио „Св. Кирил и Методиј" и др.

### 7.2. Советодавна дејност (соработка со родителите и други установи и институции)

#### 7.2.1. Соработка со родителите

На овој сегмент во Детската градинка се става голем акцент и истиот ќе го реализираме преку следните форми:

- Секојдневни разговори со родителите при прием и испраќање на деца;
- Родителски информативни состаноци;
- Индивидуално закажани состаноци;
- Просветување на родителите (учество на родителите на организирани трибини и предавања како и вклучување на родителите со предлози и мислења при планирањето на активностите во Детската градинка);
- Вклучување на семејствата во активности кои имаат за цел да ја истакнат улогата на семејството во воспитно-образовниот процес и севкупниот развој на детето;
- Посети на семејства во нивниот дом – по потреба, воспитувачите одат во посета на родителскиот дом и заедно со родителите соработуваат при решавање на одредена ситуација, појава, проблем или заради семејни прослави и постигнување на стандардите од социо-емотивен развој;
- Огласни табли пред влезот на градинката и пред занималната со исвестување за тековни настани и реализација на воспитно-образовни содржини и активности;
- Соработка од друг вид - телефон, електронска пошта и по договор/желба со родителите, комуникација на затворена група на социјалните мрежи.

На овој начин родителите се вклучени во носење на сите одлуки на Детската градинка и следење на работата на Детската градинка во целост.

Во сите Детски градинки има истакнато **e-mail адреса на детската градинка, книга за впечатоци и кутија за забелешки, пофалби и предлози,** како можности родителите сите свои забелешки, предлози, идеи или пофалби непречено и постојано да ги искажуваат во однос на работењето на детската градинка.

### 7.2.2. Соработка со детски градинки, локална самоуправа, Министерство за социјална политика, демографија и млади и други институции

Во поглед на оваа соработка особено значајно место заземаат следните активности:

- соработка со Општина Битола која опфаќа реализација на договорени програми и обврски од истата, финансово работење, спроведување на законска регулатива, финансова дисциплина, реализација на хуманитарна помош, спонзорства и донации;
- соработка со Министерството за социјална политика, демографија и млади која опфаќа реализација на обврските од договорените програми, финансово работење и финансова дисциплина, тековно и инвестиционо одржување на објектите;
- соработка со поширокта локална заедница;
- соработка со ОО Црвен Крст Битола;
- соработка со Педагошкиот факултет од Битола, Педагошки факултет од Скопје – катедра за култура на говорот, Факултетот за физичка култура - Скопје;
- соработка со Бирото за развој на образованието на РСМ.

Советодавната дејност, од аспект на планирањето, подготовката и реализацијата на згрижувачката и воспитно-образовната работа на Детската градинка, децидно разработена е во Програмата за работа на Директорот за 2025/2026 година.

## 8. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИ ОРГАНИ ВО ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

Овој дел од Програмата ги опфаќа содржините и формите за работа на Стручниот совет.

### 8.1. Програма за работа на Стручниот совет

Стручниот совет го сочинуваат вработени кои вршат стручна работа и ја остваруваат дејноста во установата и директорот. Со стручниот совет раководи директорот.

Програмските содржини што ќе ги реализира истиот се во врска со следните работи:

- утврдува стручни основи за остварување на Годишната програма за работа на Детската градинка за 2025/2026 година;
- дава мислење и предлози до директорот во поглед на организацијата за работа и условите за работа;
- дава мислења и предлози за воведување нови форми на згрижување и воспитание;
- ги разгледува Програмите и Плановите за работа и превзема мерки за нивно разрешување;
- ги разгледува Извештаите за извршен стручен надзор над реализирањето на Програмите и предлага соодветни мерки;
- го разгледува Планот за стручно усовршување на кадарот;

- именува и разрешува претставник во Управниот одбор на ДГ;
- ги утврдува потребите на објектите од игровен, дидактички и друг материјал за работа со децата, како и потребите од основни средства и потрошен материјал за нормално реализирање на дејноста;
- тековни прашања.

## 9. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ И ВОСПИТНО-ЗГРИЖУВАЧКИОТ КАДАР

Стручното усовршување на кадарот е постојана задача и обврска на сите вработени во детската градинка. Истата ќе се остварува како што следи:

### 9.1. За негователскиот и воспитниот кадар

- Посета на семинари, советувања организирани од Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- Упатства и насоки за водење на педагошка евиденција од страна на стручни лица од Бирото за развој и Министерството за социјална политика, демографија и млади;
- Упатства и насоки за одредени проблематики при реализацијата на воспитно – образовната работа, од страна на стручни лица од Педагошките факултети;
- Соработка со Филозовски факултет (групи педагогија, психологија, социологија, дефектологија);
- Набавка, пратење и примена на стручна литература;
- Соработка со стручни институции;
- Размена на искуства со други предучилишни установи од Република Северна Македонија и соседните земји;
- Согласно Планот за професионален развој на давателите на јавни услуги посета на обука на тема: „Стекнување вештини за примена на техники за справување со стрес и траума“;
- Согласно Планот за професионален развој на давателите на јавни услуги посета на обука на тема: „Запознавање со протоколите и процедурите за справување со кризни ситуации во градинките“;
- Согласно Планот за професионален развој на давателите на јавни услуги посета на обука на тема: „Како полесно да ги запознаеме и разбереме современите методолошки пристапи за следење и вреднување на воспитно-образовниот процес“;
- Согласно Планот за професионален развој на давателите на јавни услуги посета на обука на тема: „Препознавање на структурни, функционални, културни, вредносни и други разлики меѓу семејствата и применување стратегии за квалитетни инклузивни практики“;
- Следење и вреднување на згрижувачката и воспитно-образовната работа во Детската градинка, со посебен акцент на осовременување и иновирање на истата и
- Интерни семинари (како форма на стручно усовршување) од следните области: Инклузија на деца со посебни потреби во воспитните групи.

## 9.2. За административно-техничкиот кадар

- редовно следење на законските прописи со користење стручна литература од правото, економијата и архивското работење;
- посета на семинари и советувања кои се во функција на изготвување на Нормативните акти на Установата, Годишни сметки, Финансови планови, Извештаи за архивско работење, водење на постапки за јавни набавки.

## 9.3. За вработените во кујната и другиот технички кадар

- посета на едукативни семинари во врска со новини во подготвувањето на храната кај децата (во смисол на здрава исхрана на згрижените деца), семинари во организација на стручни институци.
- учество на семинар – обука за воведување, модификации и одржување на HACCP систем.

## 10.ПРОЕКТИ

**„Инклузија на деца Роми – во предучилишни установи за деца – Детски градинки“.** Продолжуваме со реализација на овој проект, а истиот оваа година го реализираме со вклучување на 20 деца на возраст од 3 години до годината пред поаѓање на училиште (5 год. и 8 месеци), сите со целодневен престој.

Материјалните трошоци за сите згрижени деца од овој проект во целост ги покрива Општина Битола.

При реализацијата на Програмата за рано учење и развој согласно доставеното Упатство инкорпорирани се голем број на традиционални игри со предучилишните деца во текот на целата воспитна година и согласно со возраста на децата, определени во посебно изготвената програма.

## 11.СОЦИЈАЛНА ДЕЈНОСТ

Во рамките на реализирањето на оваа компонента од нашата дејност Детската градинка за децата кои потекнуваат од семејства со низок социјален статус води посебна грижа. Ова го правиме со воспоставување добра соработка со родителите односно семејствата со понизок социјален статус, повеќе разговори со нив и предлагање на олеснувања во поглед на грижата околу децата;

Работа со родителите кои ќе имаат згрижено деца во рамките на Проектот „Инклузија на деца Роми – во предучилишни установи за деца – Детски градинки“ за вклучување и на помалите деца од нивните семејства, се со цел за полесна и побрза социјализација на децата;

По добиени насоки од Министерството за социјална политика, демографија и млади, а во согласност со Правилникот за остварување на правото на партиципација во трошоците за згржување, воспитание, одмор и рекреација на деца во јавните установи за деца, во нашата установа се згрижуваат и деца кои го остваруваат правото за ослободување од партиципација, како и деца жртви на семејно насилство и деца со попреченост, чии трошоци во целост ги покрива Општина Битола.

## 12. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ

Директорот како орган на раководење во Детската градинка изготвува посебна програма за својата работа во која децидно се обработуваат потребите, обврските и начинот на остварување на истите. Програмата е конципирана по месеци со соодветни содржини и претставува потсетник за хронолошко извршување на конкретните задачи, како и навремено организирање на сите активности кои ќе следат во текот на годината.

Наведената Програма е составен дел на Годишната програма за работа на Детската градинка.

## 13. ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ РАБОТНИЦИ И СОРАБОТНИЦИ

### 13.1. Програма за работа на стручниот работник логопед

Стручниот работник логопед во својата Годишна програма за работа изврши планирање и организирање на својата работа и тоа преку тестирање на децата во сите детски градинки, распоредување на индивидуалната и групната работа, средување на тестови и логопедско досие, а особено е ставен акцент на индивидуалниот пристап кон секое дете во зависност од дијагнозата.

Логопедот врши испитувања со утврдување на логопедскиот статус кај децата преку тестови (тријажен тест, тест за орална праксија, тест за испитување на дискриминација на гласовите како и испитување на јазикот како средство за комуникација).

Врз база на овие испитувања ќе изврши селекција на децата кои во воспитната година ќе го посетуваат логопедскиот кабинет. Логопедскиот третман трае 20 минути, односно во еден третман се работи со максимум четири деца. За своето работење логопедот изработува посебна Годишна програма која е составен дел од Годишната програма на детската градинка со глобално планирање.

### 13.2. Програма за работа на стручниот работник психолог

Стручниот работник психолог во својата Годишна програма за работа изврши планирање и организирање на својата работа и тоа преку опсервација на децата во воспитните групи, утврдување на општиот развоен статус на сите деца, проценување на психо-физичката спремност за поаѓање во училиште, следење на задоволувањето на биолошките и психичките потреби на децата преку воспитно-згрижувачката работа, водење на документација за следење на развојот на децата и водење на иницијални интервјуа. Многу важна задача на психологот е превенција на детската градинка во заедничкото делување со тимовите во организацијата и спроведување на континуирано усовршување на децата и родителите.

### 13.3. Програма за работа на стручниот соработник по музичко воспитување

Изработената Програма на стручниот соработник по музичко воспитување е во тесна корелација со Долгорочните годишни планирања за воспитната работа на Детската градинка. Обработувањето на песните, односно музичкото воспитување е планирано за децата по возрасни групи и е соодветно на изработените Долгорочни планирања на воспитувачите исто така по возрасни групи, со утврдување на целите, активностите и очекуваните резултати. Во Годишниот глобален план по музичко воспитување се почнува со изучување на песни за градинката, татковината, децата, за есента, за семејството, за зимата ( божиќни песни, коледарски песни, песни за Нова Година), за пролетта, велигденски песни, за сообраќајот, за професиите, за летото и летувањето.

### 13.4. Програма за работа на органот на управување (Управниот одбор)

Органот на управување (Управниот одбор) на Детската градинка својата работа ја извршува согласно одредбите од Законот за заштита на деца и Статутот на Детската градинка.

Со донесениот Деловник за работа, истиот ги има конкретизирано своите работи, а за оваа година ги предвидува:

- усвојување на Годишен извештај за работа 2024/2025 година;
- донесување Годишна програма за работа 2025/2026 година;
- донесување Финансов план за 2026 година;
- усвојување Годишна сметка за 2025 година;
- донесување на предлог акти кои како потреба ќе произлезат од работењето на Детската градинка;
- одлучува по приговори на работници и родители од втор степен;
- формира постојани и повремени комисии за определени прашања поврзани со работењето на Детската градинка;
- донесува измени или нов Деловник за своето работење (доколку за тоа оценат дека има потреба);
- одлучува по други прашања определени со својот Деловник за работа, Законот за заштита на деца, Статутот на Детската градинка и други Закони;
- Управниот одбор е надлежен и за други дејности кои произлегуваат од неговото работење.

### 13.5. Програма за работа на органот за внатрешна контрола (Надзорен одбор)

Органот за Надзор во установата на Детската градинка својата работа ја извршува согласно одредбите од Законот за заштита на деца и Статутот на Детската градинка.

Со донесениот Деловник за работа, истиот ги има конкретизирано своите работи, а за оваа година ги предвидува:

- контрола на материјално финансиското работење на Детската градинка;
- користење и располагање на средствата на Детската градинка;

- Надзорниот одбор е надлежен и за други дејности кои произлегуваат од финансиското работење на Установата.

## 14. ФИНАНСОВА И ТЕКОВНА ПОЛИТИКА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА

### 14.1. Основни средства и опрема

За периодот кој следува (2025/2026 година) Детската градинка има потреба и планира набавка на следните средства и опрема:

- кујнска опрема;
- компјутерска опрема;
- мебел;
- клима уреди.

## 15. МАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ

Во текот на 2025/2026 година, доколку се обезбедат средства, планираме да се извршат следните набавки, поправки и реконструкции:

- Обнова на фасадите во детските градинки;
- Уредување на дворните површини со огради и спортски реквизити во ДГ„Пролет", ДГ „Вангел Мајорот", ДГ „Снегулка", ДГ „Росица" и ДГ „Колибри";
- Поправка и санација на тоалетите во ДГ „Пролет" и ДГ „Снегулка";
- Поправка на гаражи за возилата на детската градинка во ДГ „Пролет";
- Поправка и санација на парноводните системи;
- Дренажа на објектот во ДГ „Снегулка";
- Дидактички материјали.

Сите планирани активности ќе значат подобрување на условите за работа во Детските градинки, осовременување, подигнување на квалитетот на услугите, а сето тоа ќе го потврди нашето настојување за усогласување на нашата Програма за работа со **потребите на детето, со неговите желби, интереси и можности.**

Сето ова во едногодишниот период согласно наведената Програма ќе настојуваме да го реализираме навремено и во целост, а ќе реализираме и останати активности кои ќе произлегуваат перманентно во работењето во оваа воспитна година.

Со ваквото работење нашата мисија **„Ние создаваме од децата креативни и самостојни личности"** ќе станува реалност.

**ВД ДИРЕКТОР**

____________________

**Весна Лозановска**